Врз основа на член 42 од Законот за Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 104/2009), а во врска со член 14 од Правилникот за работа и организација на посебната организациона единица Парламентарен институт, генералниот секретар на Собранието на Република Македонија на __________ година донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА ВРШЕЊЕ НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ПАРЛАМЕНТАРНИОТ ИНСТИТУТ

## Член 1

Парламентарниот институт истражувачките работи ги врши за обезбедување информации на пратениците во врска со вршењето на пратеничкиот мандат и со остварувањето на надлежностите на Собранието пропишани со Уставот на Република Македонија, Законот за Собранието на Република Македонија, Деловникот на Собранието на Република Македонија и други акти.

## Член 2

Парламентарниот институт истражувачките работи ги врши:

- на барање на корисниците;
- на сопствена иницијатива.

## Член 3

На барање на корисниците Парламентарниот институт изработува:

- Кратка информација-резиме на дадено прашање
- Тематски или компаративен преглед на дадено прашање
- Статистички или квантитативен преглед на дадено прашање
- Хронолошки преглед на дадено прашање
- Опширна информација за дадено прашање што го зема во предвид контекстот, импликациите од различните решенија по целните групи или за државата.

На сопствена иницијатива Парламентарниот институт изработува:

- Кратка информација - резиме поврзано со конкретен акт
- Студија
- Информатор за социјални, економски и буџетски индикатори во Република Македонија

## Член 4

Корисниците на истражувачките работи доставуваат барање до раководителот на Парламентарниот институт.

Барањето се поднесува во писмена форма и ги содржи следниве елементи:

- име, презиме и контакт на корисникот;
- своерачен потпис на корисникот;
- датум на поднесување на барањето и бараниот рок за доставување на одговорот;
- краток опис на предметот на барањето;
- цел на барањето;
- форма во која се изработува одговорот на барањето;

- начин на доставување на одговорот;
- јазикот на кој треба да биде преведен одговорот согласно законските одредби.

Барање за истражувачка работа може да се поднесе и од електронската пошта на корисникот на истражувачките работи или преку факс.

Барањето се доставува на посебен образец кој е составен дел на овој правилник.

Парламентарниот институт води евиденција за примените барања за вршење на истражувачки работи и постапувањето по нив.

Член 5

По примените барања се постапува согласно редоследот по кој се примени во Парламентарниот институт.

При организацијата на постапувањето по примените барања Парламентарниот институт води сметка за рокот, формата и содржината на барањето за истражувачка работа.

Одговорите на барањата за истражувачки работи се доставуваат на корисникот во рокот, формата и на начинот на кои биле побарани, со претходно одобрение од раководителот на Парламентарниот институт.

Истражувачот се потпишува на истражувачката работа, заедно со одговорните лица за прегледување и одобрување на одговорите.

Одоговорите на барањата за истражувачката работа се подготвуваат во три примероци, од кои еден е за корисникот, и двата за потребите за архивирање во Парламентарниот институт.

Доколку постапувањето по барањето го бара тоа, истражувачот кој ја врши истражувачката работа и раководителот на Парламентарниот институт се должни да извршат консултации со корисникот.

Член 6

Приемот и постапувањето по барањата се од доверлив карактер.

Член 7

Парламентарниот институт води база на спроведени истражувачки работи во писмена и електронска форма.

Податоците за корисниците кои поднеле барање за истражувачка работа не се јавни и се евидентираат за статистички потреби на Парламентарниот институт.

Член 8

Истражувачките работи изработени врз основа на поднесено барање, по истекот на 30 дена од денот на нивниот прием од корисникот се објавуваат електронски и стануваат достапни за сите пратеници.

По исклучок, корисникот може да побара продолжување на рокот за објавување, но не подоцна од 60 дена од денот на прием на одговорот на барањето.

Истражувачките работи изработени на сопствена иницијатива, Парламентарниот институт ги објавува електронски и во печатена форма.

Член 9

Истражувачките работи на Парламентарниот институт не претставуваат став на Собранието.

Истражувачката работа на Парламентарниот институт не опфаќа:

- Давање правни совети и помош за индиувидуални случаи;
- Изработка на нацрт - закони или амандмани;
- Давање информации од надлежност на други сектори во Собранието.

Член 10

Вршењето на работите поврзани со едукација и комуникација се остварува врз основа на планови и програми.

Член 11

Истражувачката библиотека во Парламентарниот институт ги врши следниве работи:

- навремен и слободен пристап до книжниот фонд;
- пристап до електронски бази на податоци;
- информациски и референтни услуги, и
- користење на читалната.

Член 12

Информациските и референтните услуги опфаќаат:

- стручна помош или упатување на корисниците за полесно користење на библиотечниот фонд, вклучувајќи и користење на електронскиот каталог, електронските бази на податоци и други извори на информации;
- информирање на корисниците за достапни библиотечни и истражувачки материјали, преку доставување на листи на списанија, весници и нови наслови од библиотечниот фонд и
- доставување на листа на библиотечни материјали, поврзани со одредена тема.

Член 13

Парламентарниот институт води евиденција за користењето на материјалите од книжниот фонд, информациските и референтни работи како и постапувањето по нив.

Евиденцијата од став 1 од овој член особено ги содржи следниве елементи:

- име, презиме и контакт на корисникот;

- опис на работите;
- рок и начин на доставување на одговорот;
- датум на доставувањето на одговорот;
- податоци за изготвувачот на одговорот.

Член 14

Материјалите од книжниот фонд се користат во и надвор од читалната.

Примероците од дневните и неделните, домашни и странски печатени медиуми може да се користат само во читалната.

Член 15

Материјалите од книжниот фонд се издаваат на користење за период до 30 дена.

Периодот за користење може да биде продолжен на барање на корисникот, доколку во меѓувреме материјалот не биде побаран од друг корисник.

По истекот на рокот од став 1 од овој член, корисникот се известува за обврската за враќање на позајмениот материјал.

Член 16

Корисникот има обврска да го чува и да не го оштетува библиотечниот фонд.

Член 17

Законодавната архива е база на документи настанати од работата на пленарните седници и седниците на работните тела и советите на Собранието во врска со законодавниот процес.

Парламентарниот институт ја води законодавната архива во писмена и електронска форма според повеќе јазичниот поимник на Европската унија ЕВРОВОК.

Член 18

На корисниците им се обезбедува пристап и достапност до законодавната архива.

Член 19

Парламентарниот институт води евиденција за користењето на материјалите од законодавната архива.

**Број** 01-846/2
14 01 **2014 година**

**Скопје**

**Генерален секретар**
**на Собранието на Република**
**Македонија**
**Жарко Денковски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Собрание на Република Македонија
СКОПЈЕ